## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Сто и шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 декември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа со 116-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Борис Кондарко, Благоја Гешоски, Неждет Мустафа, Рафет Муминовиќ, Игор Ивановски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Абдулаќим Адеми, Назми Беќири, Абдулади Вејсели и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме по 32-та точка - Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2006 година.**

Претресот е заклучен. Треба да гласаме за финансискиот план.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеника.

Предлог на финансискиот план го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, 59 гласале, 52 за, 3 воздржани, 4 против.

Констатирам дека Собранието го усвои финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2006 година.

**Минуваме на точката 33 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот по Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 122, став 2 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Незнам дали ќе можеме гласањето да го обавиме, но барем расправата да ја завршиме.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за одбрана.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 57 за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни, 53 гласале, 52 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3, член 7 став 4, член 11 и на член 13.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов поднесе амандмани за бришење на членовите 11 и 27, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за одбрана господинот Талат Џафери.

**Талат Џафери:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Џафери.

**Талат Џафери:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 11, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за одбрана.

**Талат Џафери:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 6 гласале за амандманот, нема воздржани, 48 против.

Бидејќи флуктуацијата на пратениците внатре, надвор е голема ги молам службите да го утврдат бројот.

73 пратеника беа присутни во времето на гласањето. Значи гласањето е коректно и валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за одбрана.

**Талат Џафери:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Талат Џафери:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 27, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Талат Џафери:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 73 присутни пратеници, 59 гласале, 9 гласале за амандманот, нема воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжува со претрес по текстот на Предлог на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно член 122 став 2 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи немаме доволно пратеници, за навистина да знаеме дали ќе има двотретинско или нема да има двотретинско мнозинство, затоа што се присутни 75 пратеника, објавувам пауза од половина час.

Ги повикувам координаторите на средба во Охридската сала.

(Пауза од 14,15 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,44 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата исто така и претставникот на Владата.

Почитувани пратеници, заклучокот по координацијата со координаторите на пратеничките групи е следниот. Бидејќи ние реално немаме физички 80 пратеника за да може овој закон да се гласа со 2/3 мнозинство, заклучивме деловнички што е возможно да направиме прост премин на следната точка, а гласањето кога ќе се обезбеди физичко присуство на повеќе од 80 пратеника, тогаш ќе го реализираме.

**Минуваме на точката 34-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата во Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Предложените измени во Законот за служба во АРМ, барем според предлагачот, се однесуваат воглавно во рамките на процесот на трансформација на Армијата на Република Македонија и нејзините заложби за зачленување во НАТО. Но, сепак, главна поента на предложениот закон е всушност редукцијата на воениот и на цивилниот состав во Армијата на Република Македонија и начинот како трансформацијата и редукцијата на составот во Армијата на Република Македонија од офицери, подофицери и порано нарекуваните граѓански лица во служба на АРМ, треба да заминат.

Додека беше расправата во Комисијата за одбрана по овој закон, од државниот секретар беа кажани две работи кои се однесуваат на редукцијата, штета што тој не е тука. Имено, во делот на измените во Законот кој им овозможува на старешини кои немаат завршена воена Академија, а се отповикале своевремено на повикот да се вратат во Република Македонија до

15 април 1992 година, во Собранието им беше овозможено, со измени во законот, тие да се дошколуваат за да можат да напредуваат понатаму во Службата.

Државниот секретар доста помпезно пред членовите на Комисијата и пред неговите соработници од Министерството за одбрана кажа, замислете, ниту еден не се јавил да ја искористи можноста да се дошколува во рамките на Воената академија. За жал, тоа не е вистина, има 11 барања од капетани, повеќето се капетани, има тројца со чин капетан прва класа кои побарале во период 2003, 2004 и 2005 година, да бидат дошколувани во рамките на Воената академија за да ги искористат можностите кои ги даваше Законот. Тоа не се случило затоа што ниту Воената академија ниту Генерал штабот, ниту Министерството за одбрана им одговорило на барањето кое беше законска одредба.

Понатаму државниот секретар трансформацијата на Армијата на Република Македонија, без малку ја сведе, затоа што не можеле да пронајдат 19 котлари во Армијата на Република Македонија, со други зборови граѓанските лица и дел од офицерите особено оние офицери кои немаат завршено Воена академија, туку чинот го стекнале со вишо образование, всушност се потполно незаинтересирани за она што се случува со нивната професија и дека тие едноставно не се ни потрудиле да ги искористат законските можности што како што реков тоа не е вистина. Измените, понатаму се вели дека треба да бидат во рамките на трансформацијата на Армијата на Република Македонија која ќе заврши некаде до 2007 година.

Она што е најинтересно, Министерството за одбрана, односно Генерал штабот на Армијата на Република Македонија најмалку еден капетан со вишо образование има упатен во мировна мисија. и можеби во овој момент е прекинато, инаку требаше еден таков капетан да биде упатен да врши обука на ирачките вооружени сили, а сега Армијата вели ако тој бил добар капетан со вишо образование да го упатиме во Република Македонија да го упати да биде инструктор на ирачките вооружени сили, истовремено во неговата сопствена земја, неговата матична армија не му одговорила своевремено барањето кој тоа го има поднесено во рамките на Законот, да се дошколува во Воената академија и да ги оствари своите права. Сега ако е тој добар да служи во мултинационалните сили во Ирак, ако е добар да биде инструктор за обука на Армијата на Република Иран која сега се формира, тогаш се поставува прашањето зошто не е добар и за Армијата на Република Македонија. Можеби одкако почна расправата во Собранието и во Комисијата околу предложените измени во Законот за АРМ да е прекината постапката за негово упатување во Ирак, но најмалку еден капетан со вишо образование беше упатен во извршување на мировни операции во рамките на мултинационалните сили во Авганистан.

Најголемиот проблем, препораките на поранешниот началник на Генерал штабот на Армијата на Република Македонија господинот Бојаџиев кој одговарајќи во рамките на процесот на менаџментот со ресурси и неколкуте експерти во Министерството за одбрана кои се занимаваат со тоа, значи поранешниот началник на Генерал штабот писмено се обрати до Министерството за одбрана што тој мисли за измените кои допрва ќе следат. За жал, тој не се согласи со предложениот план, но исто така господинот Бојаџиев не е повеќе началник на ГШ на Армијата на Република Македонија така што не може понатаму да биде некаков активен чинител во врската помеѓу она што сака да го направи политичкиот дел, раководството на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија . Мислам дека Министерството за одбрана требало да покаже малку повеќе слух во комуникацијата со припадниците на Синдикатот на одбраната, затоа што сепак станува збор за војници кои се во исклучително тешка ситуација затоа што ниво на команда каде што работат тие многу малку информации нивните претпоставени имаат пренесено и повеќе или помалку ние создаваме вознемиреност во војската одколку се обидуваме да им излеземе во пресрет.

Се вели дека предложените измени воглавно се во рамките на искуствата кои ги имаат армиите чии земји веќе одамна или неодамна станале членки на НАТО. Ако ги погледнеме искуствата од другите земји, се разбира, согласно економската и реалната состојба во Република Македонија не можам да тврдам дека Министерството за одбрана презело некакви компаративни методи, без разлика дали станува збор за поголеми или помали земји во рамките на НАТО особено земјите од типот Словенија, Словачка или Чешката Република тие искуства секако би биле подрагоцени за нас отколку искуствата од поголемите земји. Но, во секој случај, жалам што не е тука државниот секретар кој би било добро да објасни, можеби заменик министерот знае, но не сум сигурен дека тој е запознаен дека ние Република Македонија веќе испратила капетан со вишо образование во мултинационалните мировни сили во Авганистан и дека војската на Македонија исто така подготвуваше капетан со вишо образование да биде инструктор на ирачката армија, а сега ние практично ќе го отпуштиме или ќе му понудиме да биде подофицер. Повеќето од нив велат дека се вршат најразлични притисоци во рамките на Армијата или да се согласат да станат подофицери или да ја напуштат Армијата. Не станува збор за граѓански лице во служба на АРМ, тоа не се готвачи, туку станува збор за не голема бројка на луѓе кои сепак заслужуваат да добијат можност, бидејќи тие во изминатите години рабоеле во Армијата на Република Македонија во поглед на правата и обрските.

Согласен сум дека не можеме да ги израмниме офицерите, подофицерите и цивилните лица, но треба да има измени и во делот на обврските, како што тоа го имаат и другите армии. Верувам дека од некои закони земале урнек во Министерството за одбрана.

Значи, тој дел во правата и обврските има сериозен расчекор. Расчекор во смисла обврските кои ги бара институцијата за која работат се идентични, но кога станува збор за правата кои треба да ги остварат подоцна, тогаш имаме сериозен расчекор кој, за жал, јас не сум некој оптимист дека во Собранието ќе успееме да го разрешиме, бидејќи не успеавме ни на Собраниската комисија да најдеме некаков заеднички јазик.

Кога велам заеднички јазик зборувам членовите на Комисијата и од опозиција и од позиција, претставниците на Синдикатот и претставниците на Министерството за одбрана. Сега за сега толку.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов.

Има збор заменик министерот за одбрана господинот Талат Џафери.

**Талат Џафери:** Почитуван потпретседател, почитувани пратенци, јас ја следев дискусијата на пратеникот Трендафилов, сакам само да кажам дека од овој дом и од оваа просторија во 2004 година, се донесени измени и дополнувања на Законот за воена Академија. Пратеникот се повикува на некои барања од 2003 година, кои не кореспондираат со состојбата и законската рамк. Во име на вистината треба да се знае дека измените и дополнувањата на Законот за воена академија беа во 2004 година со кои се овозможи сите офицери односно припадници на Армијата кои беа со чин офицер, а со завршена Виша воена школа во бившата ЈНА да можат да го искористат правото по основ на Законот за воена академија да се дошколуваат и да го дооформат нивното образование, но не го искористија и од тој аспект тој проблем е решен во смисла што луѓето не најдоа за сходно да се дошколуваат.

Во однос на Законот за служба во Армијата пратеникот упатува на фактот дека во мисија во Ирак бил упатен капетан со завршена Виша воена школа од бивша ЈНА на кој не му било овозможено да го дооформи своето школување, меѓутоа, го заборава фактот дека во Ирак, а исто така и во Авганистан се упатени и војници, што можеби имаат само средно образование, но се припадници на Армијата и се воени лица, професионалци или подофицери.

Не е умесно пратеникот тоа да го искористи како факт затоа што тоа не придонесува за решавање на проблемот на дотичниот капетан кој отишол во Ирак затоа што дотичниот капетан отишол како капетан со стекнат чин сроден со школувањето што го стекнал во бившата армија каде припаѓал и како таков дошол во Армијата на Република Македонија.

Од тие причини не е умесно од овој дом кој е законодавен да се наметнуваат такви размислувања кои не придонесуваат за решавање на статусот токму на тие на кои се повикува пратеникот.

Господине пратеник многу е лесно да се повикате на еден капетан, а јас ќе ви кажам еден друг капетан кој е од Струмица, дојде до Гостивар до моето село Форино, кој можеби бил подготвен и пешки да дојде до таму за да го изнесе својот став, но спротивен на вашиот што го кажувате, не е Албанец, Македонец е, не сакам да го спомнувам името, меѓутоа, јас имав доблест да го сослушам и мислам дека ќе му биде решено она што тој го бара. Но како што вие ги поставувате прашањата и проблемите, не е решавање на нивните проблеми и нивните барања. Јас можам да ја разберам вашата иронија, тоа не е проблем, но да се повикувате на државниот секретар, сомневајќи се во тоа дали заменик министерот кој е овластен од Владата да биде овде и да претставува став на Владата, сепак сум повикан и сум меродавен тоа да го кажам и го кажувам. Ние во 2003 и 2004 година со бившиот министер за одбрана, сегашниот премиер, пред овој дом овде кога бев претставник и дел од овој дом овде, имавме едно законско решение со кое понудивме пред овој дом да ги решиме сите луѓе кои се во армијата , но токму поради вашиот став како опозиција, не вашиот личен како пратеник, туку како опозиција, таквото законско решение не помина овде затоа што ја немавте доблеста да ги сватите тие луѓе кои цел живот носеа чизми, јас тогаш ви кажав како пратеник дека не можете да ги сватите што значи човек кој носел 30 години чизми затоа што не бил вашиот брат, вашиот син, впрочем не бевте вие. Сега е многу лесно да се повикувате и да правите кампања од име и насмевка токму на тие што се засегнати од овој проблем. Ние го понудивме најдоброто решение за оние што дадоа се од себе за институцијата-војска, па било тоа бивша ЈНА, било тоа АРМ или бивша Југославија или сегашната Република Македонија.

Впрочем, вие ги спомнавте цивилнните лица во служба на Армијата кои по никаков основ не можат да се изедначуваат со униформираниот дел на Армијата. И претходните прописи и сегашните ги предвидуваат правата, обврските и можностите на цивилните лица и на воените лица. На војник во секој момент можете да му наредите дека наредното работно место му е од Скопје во Битола, а цивилното лице треба да го прашате, да имате негова согласност и никако без негова согласност, освен ако не се работи за спојување на фамилии ако е цивилно лице брачен другар на воено лице по барање и во согласност да се преместува.

Впрочем тоа ви е исто како да ги изедначувате рударите во јамата и административните работници во администрацијата на рудникот. Тоа не може никако. И од таа причина ние во Министерството за одбрана многу добро си ја

знаеме таа состојба и од таа причина сакавме да ги доведеме припадниците во униформата во еднаква рамка и можноста да го искористат правото оваа држава да им се оддолжи, затоа што го дадоа најдоброто од себе, го дадоа животот, својата младост и си го дадоа својот придонес за институциите. Спомнавте, бившиот НДШ, сегашниот НДШ и идниот НДШ. Не е НДШ тој што го донесува законот, Парламентот го донесува законот, а ние сме тие што треба да го образложиме пред вас и го образлагаме и сметме дека сме во право кога ви поднесуваме такво законско решение за да го решиме проблемот на луѓето кои што го дадоа најдоброто од себе, мислејќи по нив и за нив, за нивниот идеал да и служат на државата доколку ја сметате како таква, ако не, ќе работите спротивно. Впрочем, ние очекуваме овој Парламентарен состав и позиција, односно власта и опозицијата да си го поддржат Предлог законот за измени и дополнување на Законот за служба во Армијата со кој што на вашите внуци, на вашите пријатели, на вашите луѓе, на вашите деца ќе им овозможите да ја искористат законската можност, впрочем која што ја имате и вие како пратеници денеска кои што седите тука. Тоа си го добивте само од статусот 2 години пратеник, си донесовте закон.

Ова се нашите предлози од Министерството и убедени сме дека ќе ги решаваме проблемите системски, реформски за она Што се подразбира реформа на Министерството за одбрана со цел во блиска иднина да биде дел на онаа асоцијација која што ние ја посакуваме, а тоа е НАТО.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Знам дека министерот за одбрана и неговиот заменик се исклучително важни и зафатени луѓе во земјава, но доколку за момент одвоеја од нивното скапоцено време, јас верувам дека и претходниот и сегашниот претседател на Комисијата за одбрана ако не повеќе, верувам дека секој ден ќе беа во состојба да ја свикуваат Комисијата за одбрана на која што во рамките на напорите да се постигне квалитетно решение кое ќе задоволи повеќе страни и припадници на Синдикатот во одбраната, верувам дека сега немаше да дебатираме дали тој капетан бил упатен во Ирак, или не бил упатен во Авганистан, туку едноставно ќе преминевме на гласање. Но, тоа господине Џафери не се случи. Во рамките на Министерството за одбрана сте имале работни комисии, сте се обиделе да најдете заеднички јазик со Синдикатот на одбраната и факт е дека до тоа не дошло. Значи, вие не сте пронашле компромис. Сега ние можеме овде во Собранието или како егзекутива да изгласаме се и повторно да имаме незадоволна страна, а тоа се припадници на Армијата, или пак да се обидеме да најдеме компромисно решение согласно на буџетските средства кои се на располагање на Министерството за одбрана и кои впрочем ги има одвоено за оваа намена со помош пред се на членовите на Комисијата за одбрана и вашиот персонал од Министерството за одбрана. Вака можеме да продолжиме без конечно да се убедуваме што јас сум зборувал таму, а што вие сте зборувале и колку од нас имаме добри намери, или немаме добри намери. Значи, дилемата е многу едноставна. Ова што вие сега го кажувате ние го слушнавме само еднаш на Комисијата за одбрана од државниот секретар на Министерството за одбрана кој како круцијален проблем во војската го истакна фактот што војската не може да најде 19 ложачи на котли. Цела дискусија се сведе на тоа, ништо повеќе. Вие не бевте присутен на таа седница, но вашата соработничка беше присутна на седницата и впрочем можете да ги видите и записниците. Значи, дилемата е таа, дали ние и Собранието и Министерството за одбрана и дел од вработените ќе покажеме некаква зрелост и доблест, ќе се обидеме дали постојат услови нешто да се измени, или не постојат услови, или можеме да се расправаме постојано и да заврши приказната во Собраниево онака како што за други закони поминало.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер, и јас како и претходниот говорник и како член на Комисијата за одбрана и безбедност на овој закон, посебно на две, три одредби од него посветивме доста внимание. На таа Комисија беа присутни преставници на Синдикатот и би сакал и во оваа прилика на пленарната седница да го искажам мојот став околу ова прашање и ставот на пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ истовремено.Се знае дека околу овој Предлог за измена и дополнување на Законот за служба во АРМ главо копјата се кршеа околу 2, или 3 членови кои што во суштина еднократно се обидуваат да го решат проблемот со редукција на персоналот во АРМ, обврска која што е наметната и прифатена од НАТО стандардите и приближувањето на Република Македонија и на нејзината Армија кон НАТО. Меѓутоа, има неколку аргументи искажани од страна на претставниците на Синдикатот кои држат вода и за нив може да се дискутира, меѓутоа, разумно и со уважување на фактите, а не однапред министрите да си земат за право да излегуваат на говорница и да ни држат предавање и лекции како требало да се однесуваме и што требало да правиме. Ние сме пратеници, тие се министри, имаа шанса да бидат во обратна ситуација. Сега, е таква каква што е. Значи, во што се состои оправданоста на дел од барањата на синдикатот за изедначување на третманот во суштина е нивното барање. Значи, изедначување на третманот на цивилните лица во служба на АРМ со воените лица и тоа, најмногу во делот на пензионирањето, односно на предвременото пензионирање, затоа што сепак се работи за една ситуација која што во

овој момент е малку потешка и, бидејќи се работи за еднократно намалување кое што, понатаму се надеваме дека нема да се повторува и повторно да имаме редукција и отпуштање од работа и т.н. и т.н.

Начинот и принципот кој што го применило Министерството за одбрана е во ред, и мислам дека што е можно повеќе или максимум од луѓето кои што се ангажирани било да се воени лица во униформа или цивилни лица во служба на Армијата да не се остават на улица. Меѓутоа, законското решение кое што и со овие измени и во претходниот закон, значи, без измените, тој е дека цивилните лица во служба на АРМ во многу обврски се изедначуваат со воените лица. Јас ќе се обидам да прочитам неколку од тие обврски кои што не се својствени на државни службеници, а во привилегијата, условно кажано, привилегија за престанок на работниот однос ја имаат таа можност или непривилегија, за нив да важат прописите за престанок на работа кои што се однесуваат на државните службеници. Е, сега значи, во членот 251 од Законот стои дека на цивилно лице на служба во Армијата соодветно се применуваат одредбите на овој закон кои се однесуваат на воените лица, а се однесуваат и тоа: давање заклетва, извршување наредби, носење и употреба на оружје, обврска за чување тајни, забрана за учество во политички кампањи и ред други обврски кои што ги имаат и државните службеници и уште една обврска, учество во вежбовни активности, обука и хуманитарни операции и мировни мисии надвор од територијата на Република Македонија. Значи, едно шест-седум обврски кои што ќе се сложите, не се обврски на државни службеници вработени во други државни органи или минситерства, и по таа аналогија, бидејќи се работи за еднократна одлука, односно ситуација која што сега би требало да се реши за да не остануваат тие луѓе со нерешен статус или да бидат со нееднаков третман, предлагачот требало да им даде можност, односно да ги изедначи. И ако веќе ги изедначил во обврските со воените лица, да ги изедначи и во овие танакаречени привилегии во смисла на престанок на работниот однос, односно, за нив да важи исто во посебен член во овој закон, а не Законот за државни службеници.

Како одговор на овие барања од страна на претставникот на Министерството, државниот секретар беше присутен, беа наведени нормално финансиските средства што веројатно и држи место,меѓутоа ако се сака  и ако се има желба, постои можност дополнителни средства за оваа намена, значи за предвремено пензионирање и на цивилните лица во служба на АРМ, да се обезбедат од продажбата на несуштинскиот имот во Министерството за одбрана и т.н.и т.н. Значи, веројатно можат да се изнајдат и други начини за обезбедување на средства.

И уште еден аргумент во прилог на ова барање е дека има Армии кои што се членки на НАТО, значи има земји кои што вработените во своите армии, според нивниот закон ги пензионираат со стаж од 25 до 30 години, значи на некој начин изнашле можност да им излезат во пресрет и на барањата на овие луѓе.

Сета оваа дискусија е навистина само во прилог на една работа, навистина со овие измени на законот да не се најдат одредени категории на вработени во Министерството за одбрана, во нееднаков третман, односно да имаат ист третман во однос на обврските, а во однос на некои права кои што би произлегле од тие специфични обврски да го немаат, односно да бидат едноставно од втор ред вработени во овој случај. И целокупната моја дискусија се сведува на тоа единствено измена на два члена практично во овој закон.  Мислам дека треба можеби малку повеќе време и добра волја за да навистина, целокупната оваа трансформација која што сепак успешно се извршува во Министерството за одбрана да биде навистина без последици по луѓето, а основ и правен и економски мислам дека може да се најде,  во дел од  претходното излагање. Тоа го кажав. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

За реплика се јави пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Многу кратко. Добар дел од колегата Китаноски го кажав, јас се сложувам. Меѓутоа, треба да расчистиме дека никако не можат да се изедначат правата без оглед на сите желби на воените лица и на граѓанските лица, цивилните лица во служба во АРМ. Да им се дадат исти права, тоа значи колега, ако бараш аналогија треба и на техничките служби во Собранието да им се дадат истите права како и на пратениците, затоа што и тие имаат одредени права и обврски што ги имаме ние. Тоа е прва работа.

Втора работа, во ниедна армија не е тоа така. Тоа што го спомнувате како случаи во одредени армии тоа е затоа што тие армии имаат достигнати одредени стандарди и имаат пари. Ние пред некој ден во дускусиите за Буџетот, новиот Буџет колега од опозицијата рече дека овој Буџет е социјален буџет. Токму ние пратениците заради наши политички интереси овој Буџет кој што би требало да биде развоен, го правиме социјален буџет. Тука се сложуваме.

Предвремено пензионирање. Ајде да ги пензионираме сите во државата и не знам кој може да го издржи тоа. Иако во најголем број на случаи се согласувам дека треба да се најде решение. Јас разговарав со многу од тие лица, граѓански лица и во тие објекти што ќе одат на продажба, начинот на кој што се решава и со луѓето од Министерството кога разговаравме најголем дел од тие лица се заинтересирани затоа што начинот на кој што ќе се  продаваат, оние кои што ќе ги купуваат тие објекти имаат обврска да ги задржат тие луѓе на работа. Претпоставувам дека еден дел од нив можеби ќе остане незадоволен. Меѓутоа, јас сум сигурен дека токму во делот на реформите што се прават во одбраната и самото Министерство ќе најде

модус и тие луѓе да не останат на улица. Јас сум сигурен дека и вие тука и ние како пратеници ќе дадеме придонес. Јас верувам дека и Министерството за оние луѓе што условно речено ќе останат незадоволни од ваквиот начин на решавање на проблемот, ќе се најде модус и начин, а утре ако треба и со некои одредени други измени во законот ќе реагираме за да тие луѓе не останат на улица.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе.

Мислам паралелите и споредбите со Законот за пратеници воопшто не се соодветни. Прво јас за тој Закон не гласав и не го одобрив, така што во старт се разликуваме. Не е соодветна споредбата на службениците, вработените во Собранието, или во други државни органи со вработените во Министерството за одбрана, затоа што со посебен закон им се наметнуваат други обврски. Ве молам, кој од службениците во Собранието даваат заклетва и извршуваат наредби, носат и употребуваат оружје, имаат обврска за чување тајни, имаат забрана за учество во политички кампањи и учествуваат во вежбовни активности, обука и хуманитарни операции. Мислам тоа се обврски кои што овој Закон им ги дал на тие луѓе. А во дел од правата што треба да ги имаат треба да се направи напор не потполно да се изедначат, меѓутоа можеби да се најде некоја средина со која што тие сепак би биле згрижени, или би биле малку поонеправдани.

**Слободан Најдовски:** Би ги замолил колегите пратеници кои што понатаму ќе дискутираат да не прават паралели со останати закони. Еве, господинот Китаноски кажа дека не гласал за тој закон и тоа е негово право. Но, изгледа ќе биде прв кој што ќе го користи тој закон. Затоа ве молам, немојте повеќе да влечете паралели за други закони.

Има збор Никола Апостоловски:

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господине министре, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги, денес на дневен ред пред Собранието е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон. Веднаш на почетокот за да ги расчистиме сите дилеми дека потребата од овој закон е дефинирана во три стратешки документи кои ќе ги спомнам заради јавноста да знае за што се работи.

Прво, потребата од овој закон е дефинирана во националната концепција за одбрана и безбедност која ја донесе ова Собрание во 2003 година. Стратегискиот одбранбен преглед, документ на Владата како политичка рамка која ги утврдува целите и визиите и развојните насоки на безбедноста и на одбраната на Република Македонија, како и Белата книга за одбрана како основен документ кој ги надградува националната концепција за одбрана и безбедност и стратегискиот одбранбен преглед. Со предлогот за изменување и дополнување на Законот за служба во АРМ се создава правна основа за реализирање на трансформацијата на АРМ според стандардите на НАТО за создавање на мала, мобилна, оперативна и професионална армија. Сакам да истакнам неколку работи кои ги регулира овој Предлог на закон, бидејќи во досегашните дискусии се дискутираше само околу трансформацијата на Армијата. Прво, законот обезбедува децентрализација на кадровскиот менаџмент со воените старешини и професионалните војници и цивилните лица во служба на АРМ како еден од стандардите на НАТО, односно досега само министерот за одбрана и началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија донесуваа наредби за поставување, преместување, упатување, разрешување од должности на сите старешини и граѓански лица.

А, со овие измени сега и командантите на единиците ќе можат да ги вршат истите овие задачи за лицата кои се на нивна должност.

Второ, со измените и дополнувањето на законот се допрецизираат и правата и обврските и должностите на лицата на служба во АРМ, како што се предвременото унапредување, патување во странство, користење на цивилна облека во служба на армијата, разни прарични помошти што ги примаат, задолжителни лекарски прегледи за воените летачи, постапките за материјална и дисциплинска одговорност и бришење на хомосексуалноста како повреда на воената дисциплина.

Почитувани колеги, процесот на трансформација на Академијата нужно предизвикува потреба од промена на формацијата на Армијата, намалување на бројот на старешини, од причини што воениот страрешина, нема можност да биде поставен на друго формациско место.

Собранието во 2003 година донесе закон за дополнување на Законот за служба во АРМ, со кој се регулира до 31.12.2007 година, што е запишано во стратегијата на одбрана на воените лица и цивилни старешини кои имаат пензиски стаж од 35 години, да се изврши докуп на стаж од 5 години, со што голем број на старешини и граѓански лица се стекнаа, или ќе се стекнат до 2007 година со право на старосна пензија. Средствата за оваа трансформација се обезбедени од Буџетот на Република Македонија. Тука морам да ја истакнам грижата на Владата на Република Македонија, односно на Министерството за одбрана за статусот на лицата кои при процесот на трансформација на АРМ немаат можност да бидат распоредени на други формациски места. Не треба да заборавиме во никој случај дека офицерската професија е специфично занимање и со право државата мора да води грижа за социјалниот статус на овие лица.

Владата и Министарството за одбрана ја потврдија оваа грижа со поднесувањето на овој Предлог на Закон воочено во членот 226 од АДЃ.

Со Предлогот на закон на воените старешини на кои ќе им престане работниот однос поради структурни промени и формацијата на Армијата им се обезбедуваат повеќе права и тоа: прво, стекнување на право на пензија со 25 години стаж, без оглед на возраста.

Второ, вработување кај друг работодавец, со превземање, склучување на договор за работа, согласно неговата служба со подготовка на сите министерства, јавни претпријатија, агенции, дирекции, фондови и локална самоуправа.

Трето, стручно оспособување и исплата на еднократна парична помош.

Четврто, еднократен паричен надомест во висина утврдена од Владата на Република Македонија. За истакнување на средствата за реализација на овие права на воените старешини ги обезбедува Министерството за одбрана, а не од Буџетот на Република Македонија. Со што се потврдува решеноста на Министерството за одбрана да води грижа на социјалниот статус на овие лица, што од друга страна ќе биде поздравено и е поздравено од сите воени старешини кога на сите им се познати финансиските можности на Република Македонија.

Почитувани колеги, со овие измени и дополнување на Законот за служба во АРМ не се регулираат правата на цивилните лица во служба во Армијата кои ќе бидат опфатени со крупните промени во актот на формација на Армијата. За мене од разбирливи и реални причини, бидејќи во овој момент во Министерството за одбрана се реализира третата фаза од стратегискиот одбранбен преглед кој треба да заврши до крајот на 2007 година. Очекувам до 2007 година, Министерството за одбрана да покаже како и досега грижа за социјалниот статус на цивилните лица во АРМ со реализација на стратегијата на човековите ресурси каде преку програмите за редовно и времено пензионирање, доброволно заминување, дивестирање, преобука на персонал и трансвер на персонал во нови институции, како што се Граничната полиција, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, ќе се реши статусот на овие лица. Сакам на крајот за две работи да го искажам своето мислење. На Комисијата за одбрана беше од страна на Синдикатот на одбраната укажано дека не се води грижа за статусот на цивилните лица. Од државниот секретар како претставник на Министерството беше укажано дека Синдикатот за одбрана не учествувал во работа на Комисијата на Министерството за одбрана околу решавање на овие статусни прашања.

Втората работа што сакам да ја укажам беше дискутирано и поистоветувано занимањето цивилни лица во АРМ и воени лица. Дека цивилните лица имале надлежности повеќе во однос на државните службеници. Јас можам искрено да ги запрашам колегите кои дискутираа да ми одговорат, зошто цивилните лица во АРМ се примаат без оглас, односно и во ЈНА беа примени без оглас и зошто земаат зголемена плата од 20% во однос на другите државни службеници. Земено, затоа што извршуваат дополнителни задачи и имаат дополнителни обврски.

Од овие причини, ќе го подржам предложениот закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Благој Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине потпретседателе, господине министре, почитувани колеги, ќе се обидам да бидам навистина, краток и концизен, бидејќи многу работи се кажаа. Пред нас се наоѓа закон кој е релативно краток, меѓутоа, кој третира една суштинска материја и кој произлегува од потребите, Република Македонија да се преструктуира, односно Армијата на Република Македонија по законите, задача која е превземена од низа документи, што беше исказано од предходниот говорник. Имајќи го тоа предвид, се наметна потребата од разрешување заради проблемот со кадровскиот потенцијал, односно со кадровската структура во рамките на Армијата на Република Македонија, каде се појави вишок на офицерски кадар и граѓански лица вработени во рамките на Армијата.

Јас ја разбирам опозицијата и нивната потреба во секое решение каде што има и малку можнст за популизам и собирање на одредени политички поени, тоа максимално го користи, меѓутоа, сметам дека како Парламент треба да бидеме максимално сериозни, одговорни и прагматични, кога се донесуваат вакви законски решенија. Можеме да зборуваме се и сешто, можеме да кажеме што сакаме, меѓутоа, факт е едно од аспект на социјалната димензија, од аспект на хуманата димензија, пред нас се наоѓа инзвонредно законско решение. Министерството за одбрана кое и онака во сите овие изминати години покажа дека е едно од најорганизираните, најефикасните, кое прво го усвои и имплементира повеќегодишното планирање и буџетирање на своите активности. Јасно покажува грижа за кадрите, за униформираниот дел, иако на почетокот имајки ги предвид сите тешкотии со кои се судруваме на економски план, имајќи ги предвид сите проблеми во поглед на буџетирањето на активности на самото Министерство и воопшто, се излезе со предлог само офицерскиот дел да добие одредени бенифиции, кои предходно беа спомнати во смисла на еднократна парична помош, предвремено пензионирање со 25 години стаж, можност за преквалификација, или дообразување, можност за вработување кај друг работодавец итн., сепак под притисок и на синдикатот и јавното мислење, а пред се, можеби и заради грижа на своите луѓе, Министерството изнајде начин во оваа група да ги смести и подофицерите. Мислам дека тоа заслужува посебно внимание, занчи, комплетниот

униформиран дел за кој и те како има оправдување, има аргументи, бидејќи се работи за луѓе, кои, како што беше речено од страна на заменик министерот, својата младост ја имаат вградено во Армијата на Република Македонија на одбранбениот сектор, ако така може да се каже и заслужуваат еден посебен третман во ова општество.

Јас на никој начин не можам да најдам релација помеѓу униформираниот дел и граѓанските лица. Легитимни се барањата на синдикатот, меѓутоа, веднаш ќе се постави прашање за илјадници стечајци во Република Македонија од низа фирми и мислам дека нема еден аргумент по кој овие граѓански лица би биле во привилегирана положба во однос на сите други цивилни лица кои работеле во било која друга фирма која под товарот на пазарните законитости престанале да постои и се нашле во ситуација на технолошки вишок.

Имајќи ја предвид организираноста и ефикасноста во работењето на Министерството за одбрана на Република Македонија, јас сум сигурен дека во трансформацијата ќе се направат максимум усилби и овие граѓански лица кои биле на одредени работни задачи во определени делови и објекти кои се под Министерството за одбрана, ќе бидат приватизирани. Мислам дека за голем дел од тие граѓански лица ќе се најде решение. Надевајќи се дека навистина, така ќе биде, сметам дека ова законско решение така конципирано треба да се подржи и треба да ја добие довербата на Парламентот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, министре јас констатирав, меѓутоа, не беше затворен претресот.

Има збор министерот за одбрана, господинот Јован Манасиевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине потпретседателе, сакам на сите пратеници да им се заблагодарам за дискусиите и да ја искористам оваа прилика уште еднаш сосема одговорно да укажам на тоа дека решенијата што се предлагаат во овој закон ќе овозможат убедливо најбезболна трансформација на Армијата на Република Македонија во споредба со останатите земји, кои што во изминатите години станаа членки на НАТО. Тоа е меѓу другото и поради тоа што имавме прилика да учиме од негативните и од позитивните искуства на овие земји и дека со решенијата што ги нудиме во овој закон, навистина, на највисоко можно ниво водиме сметка за целиот социјален аспект што оваа трансформација го носи и што е особено значајно од аспект на борбената готовност на Армијата со решенијата во овој закон кои што се од системски карактер, воспоставуваме една долготрајна, одржлива идеална структура на Армијата во смисла на нејзината хиерархиска поставеност. Факт е дека во досегашната практика имавме прилично една неизбалансирана структура на Армијата, што имаше одредено влијание врз изведувањето на функционалните процеси во самата Армија. Овој закон помина исто така и кај една мошне обемна процедура на дискусии во единиците и командите со офицерскиот и подофицерскиот кор и со цивилните лица. Во рамките на таа расправа прифатени се голем број на предлози кои што се составен дел и јас навистина, во оваа прилика сакам да им заблагодарам и на претседателот на Владата и на колегите министри и на претседателот на државата како врховен командант што се ставија во подршка на овие решенија кои што се по многу различни од останатите системски решенија со кои што се регулираат односите на другите вработени во вкупниот јавен сектор, т.е., другите буџетски корисници.

Во однос на прашањето на цивилните лица, што се дискутираше најмногу, сакам да укажам дека всушност, најголем дел од реформите што ги спроведуваме ќе имаат позитивно влијание на самите цивилни лица кои се сега вработени во Армијата на Република Македонија. Досега беа направени неколку чекори, кои што им овозможија навистина, добра стартна позиција во овој систем. Така што, на пример беше овозможена дополнителна обука за трансформација на цивилните лица во продофицери, со што беа опфатени преку 120 цивилни лица. А на преку 300 цивилни лица со промена на трансформациите во Армијата им беше дозволено алтернативно пополнување, заедно со статусот професионален војник. Веќе оваа година, како резултат на една мошне успешна работа, интерагенциска во рамките на Владата, успеавме преку 110 лица да вдомиме во други органи на државната управа и јавната администрација, а веќе за 2006 според нашите планови негде околу 200 лица ќе бидат на овој начин социјално обезбедени. Имено, со постапките на дивестирање на несуштинските функции на Министерството, како и со интезивната кампања што ја водиме за предавање на дел од објектите на Министерството за одбрана на единиците на ликална самоуправа, веќе до сега имаме договорено значителен број на цивилни лица со општинските администрации, со префрлањето на објектите да преминат на работа во самите администрации. Што значи, интересот на Министерството за одбрана е пред се, да им се најде друга работа на оние цивилни лица кои што не се вклопуваат во формацијата и тоа е витален интерес всушност, и на самите вработени цивилни лица. Значи да не продуцираме млади пензионери, туку, напротив, во другите органи на јавната администрација да им најдеме соодветно работно место и како што се гледа досега од бројките, работите во таа насока се одвиваат одлично и според она што го имаме како веќе склучени аранжмани, договори со единиците на локална самоуправа, јас сум убеден дека во текот на наредната година со овие политики и практики дека во потполност ќе го решиме

проблемот со вишокот на персонал во овој дел на структурата на Армијата на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници, а останатите пратеници ги повикувам да влезат во салата.

Ќе причекаме уште неколку минути, ако нема кворум, тогаш ќе се договориме околу натамошниот тек на работата.

Инаку, само за ваша информација 91 пратеник се потпишале дека се присутни на седница, а моментално имаме 56 присутни пратеници во салата.

Јас би ги замолил и пратениците кои дискутираа по однос на законот да влезат во салата ако не се заминати за други обврски.

(Минуваат минути на чекање)

(Во 15,50 со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието г-дин Љупчо Јордановски.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи заклучокот е прочитан, ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеника 60 гласале од кои 56 за, 1 воздржан, 3 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеника, гласале 59 од кои 55 за, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 11 во новиот член 118-а став 1; член 24 во новиот член 195-а став 1; член 26 во воведната реченица и на член 31.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов поднесе амандмани за менување на член 1; член 1; член 26 во новиот член 226-Б; став 1, член 26 во новиот член 226-Б; став 1; за менување на член 31; член 32 за менување на став 2; за бришење на член 8 и на член 12 за бришење на став 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана господинот Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** И со претходната дискусија министерот е запознаен затоа што, колку што знам јас, со него е разговарано односно со претставници на Синдикатот од одбраната кои ги претставуваат и воениот и цивилниот дел од одбраната.

Единствено еден од аргументите кој постојано се

Истакнува и кога тие во неколку наврати со работната група на пратеничката група на ВМРО Народна партија разговараа, основен проблем со кој се судираат, а и ние самите не успеавме со нив да најдеме некаков заеднички јазик да влијаеме на расчистување на ситуацијата во поглед на правата и обврските.

Нашата намера беше да укажеме дека припадниците на Армијата на Република Македонија како впрочем и во секоја друга Армија во светот дека не може да се оди на еден унифициран начин да бидат израмнети во правата, обврските и должностите. Тука мислиме и на офицерите и на подофицерите и на цивилните лица на служба во АРМ и тие останаа на таа формулација. Сега, Министерството за одбрана со претходниот началник на Генералштабот ова што сега се предлага со измените беше оквалификувано како неприфатливо за Армијата на Република Македонија и поранешниот началник на ГШ писмено го извести министерот за одбрана кои се причините, врз што се базира неговото мислење.

Од тие причини мислиме дека, доколку овој амандман се прифати, затоа што Армијата ќе се ослободи од несуштинскиот дел, нема да има оптоварување на Буџетот, а и во Министерството за одбрана се предвидени средства за оваа намена, дека цивилните лица на служба во АРМ треба да го имаат третманот како припадници на Армијата на Република Македонија и Република Македонија и институцијата во која работат треба да им излезат во пресрет дека докупувањето на стажот од 15 години не го оптоварува непотребно буџетот ниту на Министерството за одбрана ќе му направи дополнителен проблем затоа што самиот имот на Министерството за одбрана односно на Армијата е проценет на 50 милиони евра. Таа бројка и на Собраниската комисија за одбрана беше истакната дека е факт. Ниту државниот секретар ниту другите претставници на Министерството реагираа.

Од тука мислам дека финансиските средства не се проблем ниту за Министерството за одбрана ниту за Министерството за финансии.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеника 59 гласале, од кои 6 за, еден воздржан, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана господинот Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеника гласале 58 од кои 6 за, нема воздржани, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 118-а став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Манасиевски.

**Јован Манасијевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Да ве прашам министре дали сите амандмани со кои се согласил повереникот ги прифаќате? (Да.)

Значи, само да констатирам дека се составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 24 во новиот член 195-а став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 26 во воведната реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26, во новиот член 226-б став 1, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана господинот Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ова не е некоја голема разлика, нема да почувствувате ништо во вашиот ценет буџет, ќе можете да купувате камиони и понатаму кои се стари над 40 години, но на оние кои ќе заминат во пензија од 1 до 05 навистина би им помогнало. Вас нема да ве оптовари во Буџетот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 пратеника, 55 гласале од кои 7 за, нема воздржани, 48 против.

Сепак, за да бидам точен во мојата констатација 67 пратеника, службите нека го утврдат бројот. Разликата е голема од 55 до 61.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Сепак не биле 67, туку 65 присутни.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 во новиот член 226-Б став 1, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставнико тна Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана.

**Јован Манасијевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам пртресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни гласале 57 од кои 7 за, нема воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 31 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 31 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни 58 гласале, од кои 5 за, 1 воздржан 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Трендафилов имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Без оглед што измените се од 2004 година, во текот на 2003, 2004 и 2005 година, вие сте свесен за тоа, 11 капетани и капетани од прва класа побарале да им биде овозможено дошколување во Воената академија за да имаат високо образование.

Државниот секретар на Собраниската комисија со изненаденост која претпоставувам беше малку изглумена вели никој не се пријавил, што не е точно. Законот им овозможува да се дошколуваат. Сега, вие не ја прифаќате измената за да им се овозможи на овие офицери кои имаат виша да се дошколуваат, за да стекнат рамноправен третман со нивните колеги кои веќе имаат Академија.

Проблемот не е нешто кој ќе ве поремети или ќе ви ги загрози вашите трансформациски операции што ги правите, туку станува збор дали ние ќе им излеземе во пресрет на луѓево или не, затоа што Законот тоа им го овозможува. Инаку, можеме ние и понатаму да ги игнорираме, вие како Министерство, Собранието да ги игнорира, се ќе биде во ред. Но, факт е дека единаесетмина офицери на АРМ побараа, во рамките на Законот, да им се излезе во пресрет да се дошколуваат. Јас ги имам нивните дописи до вас, до Министерството за одбрана, со воена пошта и потпис. Претпоставувате дека повеќето од нив се од Штип.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине министре, имате збор.

**Јован Манасијевски:** Беше и во претходниот тек на расправата образложено од заменик министерот, меѓутоа сакам уште еднаш да потенцирам, се работи за преку 170 вакви луѓе и токму на нивно барање е воведен овој член. Значи, на барањата на овие луѓе, чија што делегација беше примена во Минситерството за одбрана, на нивно барање се дава оваа можност, овозможена со овој член, да тие си го задржат работниот однос во Армијата на Република Македонија.

Всушност, самата група што ги претставуваше овие луѓе ова го побара. Ова не беше предвидено во првата фаза, но како резултат на јавната расправа, низ единиците и командите на АРМ и токму како резултат на желбата да им се излезе во пресрет на овие луѓе, тие и понатаму да останат во редовите на АРМ е донесено ова решение. Како такво, ова решение, на барање на таа категорија офицери ги задоволува апсолутно нвните барања од Армијата.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика за господинот Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Член 32 став 2 се менува и гласи:

"Во случаи од став 1 на овој член, офицерот го задржува стекнатиот чин и остварува право и обврски од стекнатиот чин во делот на основната плата по чин и остварува право и обврски од чинот по должноста на која ќе биде поставен".

Овој амандман е по барање, господине Манасиевски, токму на тие луѓе. Сега јас имам еден амандман, вие имате друго законско решение. Што е спорно во ова? Тоа се истите луѓе што го предлагаат?

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине министре, мислам дека бевте кратки претходно и сега можете за една минута да зборувате.

**Јован Манасијевски:** И помалку од една минута.

Суштината е во тоа што ова барање комплетно излегува од системот, затоа што офицер мора да има високо образование. И, за да овие луѓе не останат на улица, токму затоа на овие 170 луѓе им се нуди опцијата да останат како подофицери во составот на Армијата на Република Македонија. Затоа е ова нивно барање и решение што излегува во пресрет на нивната желба да останат во АРМ и да работат и понатаму во АРМ.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 57 гласале, 6 гласале за амандманот, нема воздржани, 51 против амандманот.

Молам службите да го утврдат бројот дали се во слата присутни 61 пратеник, бидејќи сме на работ.

(Службите го утврдуваат бројот).

Во времето на гласањето беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 8, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана.

Повелете господине министре.

**Јован Манасијевски:** Не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 53 гласале, 1 за, нема воздржани, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Јован Манасијевски:** Не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Значи министерот не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Службите нека го утврдат бројот, затоа што левата страна е комплетно празна, да нема после забелешки.

(Службите го утврдуваат бројот).

Со господинот Шакири 61 се присутни.

Значи, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, 53 гласале, никој не гласал за амандманот, исто така никој не е воздржан, а 53 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Затоа, го заклучувам претресот по текстот.

Предогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници, 58 гласале, 55 за, 1 воздржан, 2 против.

Коснтатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Дали воопшто има друг претставник на Владата, бидејќи точката 35 треба да биде покриена од претставник од Министерството за економија.

Бидејќи нема претставник од Владата, од Министерството за економија **точката 35 ја прерипуваме.** Ќе чека на ред како последна.

**Минуваме на точката 36-Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Владата на Република Италија за реализација на Втората фаза од Програмата за рационализација на управувањето и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор, со Предлог на закон**. Тука е претставникот од Министерството за финансии, бидејќи тие се претставници.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Владата на Република Италија за реализација на Втората фаза од Програмата за рационализација на управувањето и модернизација на биомедицинската технологија во здравствениот сектор.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 57 гласале, 55 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни, 59 гласале, 57 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 1.

Тоа значи дека отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од Закондавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Дали претставникот на Владата се согласува со овој амандман?

Има збор заменик министерот за финансии.

Повелете.

**Талат Џафери:** (Без вклучен микрофон). Се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Јас слушнав, не е вклучен, се прифаќа, а тоа значи станува составен дел на текстот на законот.

(Реакција од страна на пратениците).

Се прифаќа, јас слушнав.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

Повелете.

Нема картичка?

Мислам дека опозицијата ми верува на моите уши.

**Талат Џафери:** (Без вклучен микрофон). Се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Претставникот на Владата се изјасни дека амандманот се прифаќа.

Со тоа, амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 57 гласале, 55 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Немаме претставник од Министерството за труд и социјална политика за наредната точка.

Одиме понатаму.

Известен сум дека заменик министерот за образование набрзо ќе стигне. Да видиме кој е законот за кој што Министерството за образование и наука треба да обезбеди претставник.

И за точката 38 е потребен претставник од Министерството за труд и социјална политика.

Ќе ги оставиме да чекаат после Нова година.

**Минуваме на точката 39-Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.**

Јас би ги замолил пратениците, бидејќи сум известен дека за пет минути стига господинот Герамитчиоски, малку да почекаме.

(Некои пратеници бараат пауза).

Не, нема пауза. Единствено ако сакате може да пуштам музика, Пауза нема.

(Реакции од страна на пратениците).

Може да ве замолам пет минути, ако господинот Тале Герамитчиоски не стигне за пет минути, ќе поминеме на точките за кои што имаме овде претставници.

Можеме ли да ја поминеме само точката 44 Предлог на декларација за воведување Е-парламент во Собранието на Република Македонија?

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе поминеме на точка 44 Предлог на декларација за воведување  Е-парламент во Собранието на Република Македонија.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата, оние кои што се заинтересирани.

Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што после  точката 44 Предлог на декларација за воведување  Е-парламент во Собранието на Република Македонија, ќе направам прекин на седницата. Ќе продолжиме утре.

**Минуваме на точката 44-Предлог на декларација за воведување  Е-парламент во Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на декларацијата ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Предлагач е група на пратеници.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на декларацијата го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

56 пратеника гласале, 55 за, 1 воздржан, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Благодарам. Сега сме точно 61. Доволно ќе биде и со 61 да го изгласаме.

Уште еднаш ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 60 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за воведување Е-парламент во Собранието на Република Македонија.

Додека ја носевме оваа Декларација поминаа повеќе од 10 минути и никој од претставниците не се појави. Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот по дневниот ред.

(Седницата прекина во 16,25 часот).